Дата: јули 2020
Автори: Александар Кржаловски, Фанија Ивановска
PDF: sporedba-na-anketi-so-izborni-rezultati.pdf




Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на предвремените избори за пратеници, ги следеше објавите на разните агенции за рејтингот на политичките партии. Во функција на транспарентно информирање на јавноста, МЦМС на 9 јули 2020 година објави преглед на прогнозите на секоја од деветте агенции за мерење на рејтингот на политичките партии, кои објавија свои анализи пред изброите (види: https://mcms.mk/images/docs/2020/pregled-na-anekti-za-rejtinzi-2020.pdf )

Прегледот беше направен врз основа на информациите доставени до МЦМС (сопствена нарачка за анкета спроведена од М-Проспект), од објави на официјалните страни на нарачателите и/или анкетните агенции (НДИ и ИПИС), објави на социјалните медиуми на нарачателите и/или агенциите (БИПС), како и од објави во медиумите (анкетите на Брима, МекЛафин, ИФЕС, Стратум и Habeas Corpus).